Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 5, 25 февруари 2008 година

февруари 2008
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област сметководство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област џез-ударни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот„Гоце Делчев" – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област обоа на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област контрабас и бас гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно подрачје филозофија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 21

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Штип, на седницата одржана на 24 јануари 2008 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Илчо Јованов (претседател), проф. Илија Пејовски (член) и доц. м-р Татјана Џорлева (член).

На конкурсот објавен во весникот „Нова Македонија” на ден 20 декември 2007 година за работно место наставник во насловен доцент за наставно-уметничка област пијано се пријави кандидатката Емилија Потевска. Врз основа на доставените материјали, како и врз основа на познавање на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Емилија Попевска** е родена во 1980 година во Скопје, Р. Македонија, каде завршува нижо и средно музичко образование во класата на проф. Људмила Романова. Дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на проф. м-р Стела Слејанска, во чија класа ги завршува и магистерските студии по пијано со просек 9,80. Во 2007 година ги започнува докторските студии по пијано-интерпретација на Факултетот за музичка уметност во Скопје под менторство на проф. д-р Димитрие Бужаровски и проф. м-р Стела Слејанска.

На патот на својот музички развој има можност да работи со врвни педагози од земјава и од странство, како: проф. Акилес дел Вињ, проф. Вилијам Хауард, проф. Марио Спиникиа, проф. Николета Шангалепоре, проф. Наталија Косева и проф. Борис Романов. Во 2006 година, по покана на професорот Акилес дел Вињ, добива стипендија за магистерски студии по пијано на Конзерваториумот во Ротердам.

Емилија Потевска е организатор и менаџер на фестивалот за класична и современа музика „Балкански музички фестивал”, кој за првпат се одржа во 2007 година во Скопје.

***Уметничка дејност***

Во својата уметничка дејност, Потевска остварува голем број на солистички концерти, како и концерти со камерни состави во земјава и надвор од неа. Меѓу позначајните се из двојуваат:

– концерт во престижните концертни сали „Viener Hal” и „ Orf Hal” во Салцбург Австрија;
– настап во „ Fairfild Hal” во Лондон во организација на Министерството за култура во Кројдон и Македонската амбасада во Лондон;
– настап во рамките на Музичкиот летен фестивал „ Dathington” во Девон, Англија;

– концерт пијано дуо во рамките на „Балкански музички фестивал”;
– настап во „ Villa Medici” во Милано, Италија;
– настап во Француската резиденција во Скопје;
– повеќе настапи на подиумот за млади уметници „Музика вива” во Скопје;
– повеќе настапи во рамките на фестивалот „Охридско лето”;
– повеќе настапи на „Денови на македонска музика”;
– концерти во организација на Францускиот културен центар;
– концерт со квартетот „Фонетико” - две пијана и двајца перкусионисти во рамките на „Скопско лето” 2006;
– концерт на музика од француски автори и автори кои живееле во Франција во организација на Француски културен центар и Британскот совет во Р.Македонија, 2006;
– бројни солистички концерти во Штип, Битола, Охрид, Тетово, Гостивар итн.

Во 2003 и 2004 година Емилија Потевска направи снимки на композиции од македонски автори за Интернет радиото на ФМУ, Скопје.

***Семинари и мајсторски курсеви***

1. Во 2006 година, семинар на проф. Акилес дел Вињ во Милано, Италија.
2. Во 2006 година, Летна музичка академија „ Dathington”, Девон, Англија.
3. Во 2005 година, Летна музичка академија „ Mocatreum”, Салцбург, Австрија.
4. Во 1999 година, семинар на проф. Борис Романов, „Охридско лето”, Р. Македонија.
5. Во 1998 година, семинар на проф. Борис Романов, „Охридско лето”, Р. Македонија.
6. Во 1998 година, семинар на проф. Борис Романов во Пловдив, Бугарија.
7. Во 1995 година, семинар на проф. Арбо Валдма и проф. Рита Кинка, „Охридско лето”, Р. Македонија.

***Награди***

1. Во 2002 година, Втора награда на Интенационалниот натпревар „Интерфест”, Битола, Р. Македонија.
2. Во 2000 година, Прва награда на „Конкурсот за полифонија”, Скопје, Р. Македонија.
3. Во 1999 година, Прва награда на Републички натпревар, Скопје, Р. Македонија.
4. Во 1998 година, Прва награда на конкурсот „Шопенијада”, Скопје, Р. Македонија.
5. Во 1997 година, Прва награда на Републички натпревар, Скопје, Р. Македонија.
6. Во 1992 година, Прва награда на Републички натпревар, Скопје, Р. Македонија.
7. Во 1988 година, Прва награда на Републички натпревар, Скопје, Р. Македонија.

***Педагошка дејност***

Во периодот од 2003 до 2007 година, кандидатката Емилија Потевска работи како демонстратор по предметот Пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во истиот период работи и како професор по пијано и музика во американските училишта АСМ и ЉСИ – Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, кандидатката Емилија Потевска да ја избере на работното место наставник во насловен доцент за наставно-уметничка област пијано.

Емилија е талентирана пијанистка, интерпретаторка со извонредно меѓународно искуство и негува посебен интерес кон современата музика и музичка педагогија.

**Рецензентска комисија:**

**доц. м-р Илчо Јованов, с.р.**

**проф. Илија Пејовски, с.р.**

**доц. Татјана Џорлева, с.р.**